# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Арх.бр.** 08 - 2795 / 3
**дата,** 07. 11. 2014 **година**

**Предмет: Информација**

Почитувани,

Во врска Објавата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија со компатибилни класи на намени Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г3 и Г4 објавена во дневните весници „Вечер“ и „Нова Македонија“ на ден 17.10.2014 година и во Службен весник на Република Македонија бр.154 на ден 21.10.2014 година, а поради непостоење на можност за исправка на Објавата согласно член 54 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на Р.М. бр.17/11, бр.53/11, бр.144/12, бр.25/13 и бр.163/13), се информираат сите заинтересирани физички и правни лица коишто се пријавиле за учество на електронското јавно наддавање и коишто ќе се пријават за учество на електронското јавно наддавање дека рокот за прибавување на Одобрение за градење на превидениот објект согласно урбанистичкиот план за градежното земјиште ГП бр.1.9, ГП бр.1.10, ГП бр.1.11, ГП бр.1.12, ГП бр.1.13 чијашто површина е до 5000 м$^2$ изнесува 9 (девет) месеци од извршената солемнизација на Договорот, додека пак рокот за прибавување на Одобрение за градење на превидениот објект согласно урбанистичкиот план за градежното земјиште ГП бр.1.8 чијашто површина е над 5000 м$^2$ изнесува 12 (дванаесет) месеци од извршената солемнизација на Договорот.

Со почит,

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
Комисија за спроведување на постапки
за јавно наддавање
Ивица Трипуновски-претседател
Јулијана Димитријевска-член
Милка Петковска-член
Дејанче Богдановски-член
Елена Стојановска-член

Република Македонија Општина Илинден